Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КОСКЕНИ СУПСТИТУЕНТИ И БИОМАТЕРИЈАЛИ ЗА РЕГЕНЕРАЦИЈА НА ВИЛИЧНИТЕ КОСКИ			
2.	Код	ДСОХ1			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за Орална хирургија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Пеева-Петреска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е запознавање на студентот со сите современи графт материјали кои се денес во употреба и служат за коскена аугментација и/или презервација на алвеоларните гребени на виличните коски, што претставува тренд и неопходност за идна имплантно протетска рехабилитација. Студентот се стекнува со знаење и компетенција да направи адекватен избор на материјалот за аугментација, комбиниран со автологни крвни деривати за акцелерирана регенерација.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - Коскена регенерација и репарација-физиолошки маеханизми -Дефицитна алвеоларна коска од физиолошка ресорпција и патолошка загуба, 2Д и 3Д анализа на коскен фундамент - Поделба на коскени графтови според својствата и начинот на поставување во дефицитна коска, со посебен осврт на автологни графтови, алогени коскени графтови, апликација на ксеногени супституенти и алопластични материјали. (10 часа) *Резултати од 1 поглавје* *Студентот ги учи механизмите на спонтана и акцелерирана регенерација на коскено ткиво, избор и карактеристики на материјал за графтирање според локалните услови на коскениот дефект, како и начинот за нивна апликација, односно поставување.* 2. Поглавје - Ткивен инжињеринг и примена на биолошките медијатори во функција на забрзана квалитетна мекоткивна и коскена регенерација. - Принципи и техники на работа со биоматеријали, автологни коскени графтови, дентински графт и крвни деривати. (10 часа) *Резултати од 2 поглавје* *Преку предавањата студентите се запознаваат со актуелните биолошки автологни материјали и методи за локално зголемување на алвеоларните гребени или виличните коски. Имајќи во предвид дека станува збор за многубројни техники и најразлични материјали, посебен осврт се дава на дентинските графтови и автологните крвни деривати како материјал за аугментација на алвеоларната коска.*			

		3.Поглавје - Бариерни мембрани, поделба и карактеристики - PRF мембрани, припрема, индикации и начин на апликавција - Фиксирање на ресорптивни и нересорптивни мембрани (10 часа) *Резултати од 3 поглавје:* *Студентот ги учи хируршките техники на постава на бариерните мембрани, начинот на нивна адаптација и фиксација кои имаат различна методологија на работа и се од посебно значење во однос на постигнување на крајната цел во создавањето на посакуваната коскена аугментација.* 4. Поглавје -3Д индивидуализирани компјутерски графтови - Превенција и менаџирање на интра и постоперативните комплакации при употреба на коскени графтови (15 часа) *Резултати од 4 поглавје:* *Студентот ќе стекне сознанија за најсовремените техники на добивање на индивидуализирани компјутерски графтови, припрема, изработка и фиксација. Посебен осврт и на можните компликации од неправилна техника или избор на материјал за аугментација и графтирање при локално зголемување на алвеоларните гребени* Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Мекоткивни интервенции и коскени аугументативни техники во оралната хирургија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и		20

		усна: бодови		
	19.3.	Завршен испит: бодови		40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна на студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Khoury F.	Bone augmentation in oral implantology	Quintessence Publishing Co Ltd	2007
2.	Miloro. M	Peterson's principles of oral and maxillofacial surgery	BC Decker Inc, Hamilton, London	2004
3.	Lindhe J.	Clinical Periodontology and Implant Dentistry	Blackwell Publishing Company	2003
4.	Marx RE.	Platelet-rich plasma: evidence to support its use	J Oral Maxillofac Surg	2004

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Marx RE, Shellenberger T, Wimsatt J, Correa P	Severely resorbed mandible: Predictable reconstruction with soft tissue matrix expansion (tent pole) grafts	J Oral Maxillofac Surg	2002